Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 84 13 јули 2012 година

јули 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област банкарство и финансии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област применета економија на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 14

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област македонистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 25

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 30

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАКЕДОНИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

На својата 54. редовна седница одржана на 5 март 2012 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип избра Рецензентска комисија за избор на еден ***наставник во сите звања*** за наставно-научната област ***македонистика*** на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип во наредниот состав:
– проф. д-р Снежана Веновска-Антевска – претседател;
– проф. д-р Гоце Цветановски – член;
– проф. д-р Виолета Димова – член.

Врз основа на поднесените документи по објавениот Конкурс, на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип му го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На Конкурсот објавен на 15 февруари 2012 година во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *македонистика* на Филолошкиот факултет во Штип се пријавија двајца кандидати – м-р Силвана Костадинова-Спасова и доц. д-р Толе Белчев.

***Биографски податоци***
Кандидатката **м-р Силвана Костадинова-Спасова** завршила постдипломски студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, каде што магистрирала во 2011 година и се здобила со звањето магистер по филолошки науки. Работела како наставник по македонски јазик во ОУ „Димитар Влахов“ во Штип во периодот од 2006 до 2008 година, во СОУ „Коле Нехтенин“ во Штип во 2008 и 2009 година, како и во ОУ „Ванчо Прке“ во Штип во 2009 и 2010 година. Кандидатката м-р Силвана Костадинова-Спасова нема наведено податоци за објавени научни и стручни трудови.

***Биографски податоци***
Кандидатот **доц. д-р Толе Белчев** е роден на 19 јули 1950 година во Згожелец, НР Полска. Основно и средно образование завршува во Скопје. Во учебната 1970/1971 година се запишува на Филолошкиот факултет во Скопје, група Руски јазик со книжевност. Од студиската 1991/1992 година работи како лектор по македонски јазик на Универзитетот во Крајова - Романија. Во 1996 година добива стипендија за докторски студии од Фондација на Романија во траење од четири години. По одбрана на трудот „Романтизмот во Источна Европа - Русија, Полска и романските држави“, во 1996 година се запишал на докторски студии од областа на филологијата- книжевноста и на 14 декември 2000 год. Ја одбранил докторската дисертација „Влијанието на рускиот и полскиот романтизам врз романтичарите од романските држави“. Труд кој ги задоволува научните стандарди врз кои е изработен и кој претставува несомнен придонес во областа на науката за книжевноста.
На македонската научна јавност Толе Белчев ѝ е познат по својата работа од лексикологијата, зад себе го има Речникот на странски зборови во македонскиот јазик, лексиконот за туѓи зборови (обемен лексикографски труд) каде што авторот дава толкување и преглед на туѓата лексика во македонскиот јазик. Кон ова се придружуваат статиите што ги пишува за македонскиот јазик во романското списание Шагетаторум и во романскиот печат.

Од 1979 до 1984 година хонорарно работи како преведувач во Македонската радиотелевизија на филмската програма. Има преведено преку 150 играни, сериски и документарни филмови од руски, полски, српски и чешки јазик.

Д-р Толе Белчев еден дел од својот работен век (25 години) го поминал како генерален секретар на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура. Работел како професор по македонски јазик на Универзитетот во Крајова (Романија), исто така и како технички директор на Семинарот за албанологија во РМ.

Од мај 2007 до декември 2009 година работи како професор по македонски јазик на Државниот универзитет во Тетово, каде што заедно со професорот Ќемал Мурати работи на издавањето на Албанско-македонскиот и Македонско-албанскиот речник. На Државниот универзитет во Тетово го основа Семинарот за албански јазик и литература и е еден од директорите на Семинарот. Истовремено е и раководител на студиската програма за македонски јазик, како и член на Универзитетскиот сенат и директор за издавачка дејност.

Од декември 2009 година се вработува на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип каде што е вработен како доцент-македонист, а истовремено е и раководител на Катедрата за македонски јазик и книжевност, раководител на Институтот за јазици, член на Издавачкиот совет на Универзитетот, како и одговорен уредник на Годишниот зборник на Филолошкиот факултет во Штип.

***Објавени научни и стручни трудови***

1. Dr. Tole Belcev, VASILE CÂRLOVA (Extras din "Excurs romantic românesc"), Argeşul, anul CXXXII, nr. 5623, 2 iunie, 2009, p. 8.
2. Dr. Tole Belcev, Excurs romantic românesc (Grigore Alexandrescu), Argeşul, anul CXXXII, nr. 5683, 11 august, 2009, p. 9.
3. Толе Белчев, Речник на странски зборови и изрази, том I и II, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Филолошки факултет, Штип, 2010.
4. Д-р Толе Белчев, Јакуп Лимани, Топонимите и микротопонимите во Желино и околината, Годишен зборник на Филолошки факултет – Штип, година I, 2010, стр. 119-127.
5. Д-р Толе Белчев, д-р Билјана Ивановска, Јакуп Лимани, Опис за населеното место Мерово, етимолошко и јазично објаснување за ојконимот, Годишен зборник на Филолошки факултет – Штип, година II, 2011, стр. 91-98.
6. Д-р Толе Белчев, д-р Билјана Ивановска, Македонско-германски речник, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, 2012 (во печат).
7. Д-р Билјана Ивановска, д-р Толе Белчев, Германско-македонски речник, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, 2012, (во печат).
8. Д-р Толе Белчев, д-р Махмут Челик, Македонско-турски речник, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, 2012, (во печат).
9. Д-р Махмут Челик, д-р Толе Белчев, Турско-македонски речник, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, 2012, (во печат).
10. Д-р Толе Белчев, Македонско-турски разговорник со изговор, Институт за јазици при Филолошкиот факултет во Штип (електронско издание на: http://ff.ugd.edu.mk/images/stories/file/pdf/Institut_za_jazici/razgovornik_makedonsko_turski_so izgovor.pdf, 2012.

***Наставно-образовна дејност***

Доц. д-р Толе Белчев покажува мошне видни резултати и во областа на наставно-образовната дејност. На Државниот универзитет во Тетово неколку години ја одржувал наставата по предметите Вовед во науката за јазикот, Споредбена граматика на словенските јазици, Руски јазик и Српски јазик, додека од студиската 2009/2010 година на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип ја изведува наставата по голем број курсеви од областа на македонистиката, како што се Лексикологија на современиот македонски јазик, Споредбена граматика на словенските јазици, Фразеологија на современиот македонски јазик, Зборообразување на современиот македонски јазик, Преглед на македонските дијалекти, Основи на лекторирање.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за досегашната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна работа на кандидатот доц. д-р Толе Белчев, Рецензентската комисија заклучува дека доц. д-р Толе Белчев во целост ги исполнува сите суштински и законски критериуми за избор во наставник во сите звања предвидени според Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Имено, кандидатот доц. д-р Толе Белчев има наставно искуство како доцент, има објавено научни и стручни трудови, а исто така покажува видни резултати во стручно-апликативната дејност како раководител на бројни наставни и научни институции, што секако потврдува дека доц. д-р Толе Белчев се афирмира како истакнат во својата професија.

Кандидатот м-р Силвана Костадинова-Спасова не ги исполнува основните услови предвидени со Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања во областа македонистика.

Земајќи ги предвид сите овие факти, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип, **кандидатот доц. д-р Толе Белчев да биде избран во звањето *вонреден професор за наставно-научната област македонистика* на Катедрата за македонски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Снежана Веновска-Антевска – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Гоце Цветановски – член, с.р.**
**Проф. д-р Виолета Димова – член, с.р.**

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите на доц д-р Толе Белчев во реизборниот период до февруари 2012 година, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| ***НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ (НО)*** | | |
|---|---|---|
| **Ред. бр.** | ***НАСЛОВ / ДЕЈНОСТ*** | **Поени** |
| 1. | Претседател на Комисија за издавање на учебници по предметот Македонски јазик при Министерството за образование и наука на РМ. | 2 |
| 2. | Ментор на одбранет магистерски труд на Филолошкиот факултет при Државниот универзитет во Тетово. | 3 |
| 3. | Член на Комисија за одбрана на магистерски труд на Филолошкиот факултет при Државниот универзитет во Тетово. | 1 |
| 4. | Ментор на одбранета дипломска работа на Филолошкиот факултет при Државниот универзитет во Тетово (3 x 1). | 3 |
| 5. | Д-р Толе Белчев, Македонско-турски разговорник со изговор, Институт за јазици при Филолошкиот факултет во Штип (електронско издание на: http://ff.ugd.edu.mk/images/stories/file/pdf/Institut_za_jazici/razgovornik_makedonsko_turski_so izgovor.pdf (*издавање на наставни содржини и помагала во електронска форма*). | 6 |
| 6. | Предавања | 67 |
| 7. | Вежби | 22 |
| | **Вкупно поени (НО)** | **104** |
| ***НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ (НИ+СУ)*** | | |
| **Ред. бр.** | ***НАСЛОВ / ДЕЈНОСТ*** | **Поени** |
| 1. | Плакета од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје во знак на признание за посебен придонес во работата на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура и афирмацијата на македонистиката во земјава и во странство (*награди-признанија за научни постигнувања*). | 5 |
| 2. | Dr. Tole Belcev, VASILE CÂRLOVA (Extras din “Excurs romantic românesc”), Argeşul, anul CXXXII, nr. 5623, 2 iunie, 2009, p. 8. (*труд во стручно списание*). | 3 |
| 3. | Dr. Tole Belcev, Excurs romantic românesc (Grigore Alexandrescu), Argeşul, anul CXXXII, nr. 5683, 11 august, 2009, p. 9 (труд во стручно списание). | 3 |
| 4. | Толе Белчев, Речник на странски зборови и изрази, том I и II, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Филолошки факултет, Штип, 2010 (*научна книга*). | 10 |
| 5. | Секциско предавање на Третиот симпозиум за хрватско-македонските литературни, јазични и културни врски во Риека од 23 до 25 март 2011 година (*секциско предавање на научен собир во странство*). | 4 |
| 6. | Д-р Толе Белчев, Јакуп Лимани, Топонимите и микротопонимите во Желино и околината, Годишен зборник на Филолошки факултет – Штип, година I, 2010, стр. 119-127 (научен труд во зборник на трудови). | 6 |
| 7. | Д-р Толе Белчев, д-р Билјана Ивановска, Јакуп Лимани, Опис за населеното место Мерово, етимолошко и јазично објаснување за ојконимот, Годишен зборник на Филолошки факултет – Штип, година II, 2011, стр. 91-98. (*научен труд во зборник на трудови*). | 6 |
| 8. | Д-р Толе Белчев, д-р Билјана Ивановска, Македонско-германски речник, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 2012, во печат (*научна книга*). | 10 |
| 9. | Д-р Билјана Ивановска, д-р Толе Белчев, Германско-македонски речник, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 2012, во печат (*научна книга*). | 10 |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | Уредник на изданието: Ташко Белчев, „Македонија девет милениуми писменост, цивилизација и култура“, Елита, Скопје, 2009. (*уредник-редактор на научна книга*). | 1 |
| 11. | Секциско предавање на XXXVIII Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 14 и 15 јули 2011 година (*секциско предавање на меѓународен научен собир*). | 4 |
| 12. | Д-р Толе Белчев, д-р Махмут Челик, Македонско-турски речник, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 2012, во печат (*научна книга*). | 10 |
| 13. | Д-р Махмут Челик, д-р Толе Белчев, Турско-македонски речник, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 2012, во печат (*научна книга*). | 10 |
| 14. | Секциско предавање на Меѓународниот научен симпозиум „Блаже Конески“, на 15 и 16 декември 2011 година, Скопје, на тема „Влијанието на руската лингвистика во дејноста на Блаже Конески“ (*секциско предавање на меѓународен научен собир*). | 4 |
| 15. | Рецензент на изданието: Ранко Младеноски, Книжевно-критички перцепции, Современост, Скопје, 2011 (*рецензент на научна книга*). | 1 |
| 16. | Рецензент на изданието: Кемал Мурати, Меѓусебни албанско-македонски јазични влијанија, Државен универзитет во Тетово, 2007 (*рецензент на научна книга*). | 1 |
| | **Вкупно поени (НИ+СУ)** | **88** |
| | ***СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ (САОР)*** | |
| **Ред. бр.** | ***НАСЛОВ / ДЕЈНОСТ*** | **Поени** |
| 1. | Раководител на Институт за јазици при Филолошки факултет - Штип. | 4 |
| 2. | Раководител на Катедра за македонски јазик и книжевност при Филолошки факултет - Штип. | 4 |
| 3. | Член на Комисија за издавачка дејност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. | 2 |
| 4. | Член на Комисија за измени на студиските програми 2012/2013 година на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. | 2 |
| 5. | Член на Универзитетски сенат при Државниот универзитет во Тетово. | 5 |
| 6. | Раководител на Студиска програма за македонски јазик и книжевност при Државниот универзитет во Тетово. | 4 |
| 7. | Уредник на Годишниот зборник на Филолошкиот факултет - Штип. | 3 |
| 8. | Координатор на II Меѓународен семинар за албанологија, Охрид, 22-28 септември 2008 година (*претседател на организационен или програмски одбор на стручен собир*). | 2 |
| 9. | Директор на издавачка дејност на Државниот универзитет во Тетово во 2009 година (*претседател на универзитетски или владини тела*). | 10 |
| | **Вкупно поени (САОР)** | **36** |
| | **ВКУПНО ПОЕНИ ЗА СИТЕ АКТИВНОСТИ** (НО+НИ+САОР) | **228** |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| Ред. број | Единица на Универзитетот<br>Наслов на тема | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|
| **Факултет за природни и технички науки** | | | |
| 1 | Управување со отпадни батерии и акумулатори во Република Македонија – практики и трендови | Проф. д-р Благој Голомеов | Валентина Трајковска - Кашуба |
| 2 | Геолошки истражувања на доломитските мермери во зоната Беловодица - Мелница од аспект на експлоатација на мермерни блокови | Проф. д-р Блажо Боев | Васја Дамески |
| 3 | Методи за анализа на сеизмограм | Проф. д-р Тодор Делипетров | Сања Постолова |
| 4 | Испитување на тешки и токсични метали во Акумулација „Козјак“ и мерки за заштита | Проф. д-р Соња Лепиткова | Влатко Трпески |